Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 22 од Статутот на Општина Василево-Пречистен текст(„Службен гласник на општина Василево“ бр. 12/2020), Советот на Општина Василево ја донесе следната:

П Р О Г Р А М А

за комунални дејности на подрачјето на општина Василево за 2022 година

Програмата која се однесува на комуналната дејности се донесува со цел да се постигнат одредени ефекти во одржувањето на улиците, патиштата, локалните депонии, атмосферската канализација, гробиштата, зелените површини, водоводната мрежа, урбаната опрема, паркови со цел подобрување и унапредување на животната средина во општина Василево.

Член 1

Реализација на програмата ќе зависи од приходите предвидени во буџетот од:

- ✓ Надоместокот за заедничка потрошувачка каде се предвидени средства од: 730.000 денари,
- ✓ Буџет на општина Василево средства од експлоатација на минерални суровини во износ од: 2.400.000 денари

Вкупно: 3.130.000 денари

Член 2

Ј-Трошоци се однесуваат во надлежноста на комуналните дејности за одржување на улици, патишта, депонии, канали, паркови, гробишта и други јавни површини во општината

Ј20. Одведување и прочистување на отпадни води во Василево

1.Чистење на канали во Ангелци, Градошорци, Седларци	80.000 денари,
2.Чистење на канали во Чанаклија,Нова Маала и Доброшинци	80.000 денари,
3.Чистење на канали во Радичево, Дукатино и Сушево	80.000 денари,
4.Чистење на канали во Василево и Пиперево	100.000 денари,
5.Чистење на канали во Владевци	90.000 денари,
Вкупно:	**430.000 денари**

Ј40 . Јавна чистота

1.Чистење и одржување на диви депонии во сите населени места	200.000 денари,
2.Чистење и одржување на гробиштата во населените места	300.000 денари,
3.Чистење, транспорт и метење на улици од цврст отпад	200.000 денари,
Вкупно	**700.000 денари**

Ј70. Одржување и користење на паркови и зеленило

1.Одржување на паркови во Василево,Пиперево,Ангелци и Градошорци	120.000 ден
2.Одржување на зелени површини во другите населени места	80.000 ден
	Вкупно: 200.000 ден

Ј80. Други комунални услуги

1.Посипување и порамнување на локални земјени патишта и улици во сите населени места во општина Василево:

Вкупно : 1.800.000 денари

Член 3

Оваа програма стапува во сила осмиот ден по објавувањето во Службениот гласник на општина Василево.

Бр.08-1766/1 Совет на Општина
14.12.2021 г. Василево
Ристо Делијанов